# соседи

**стан 1**
Тој е молер.
Ѕидовите во влезот и во ходниците обично се бојосани со мрсна боја во долниот дел, завршувајќи со линија во друга боја, во висина на очите.

**стан 2**
Имаат мачка.
Јас слушам околу два часот наутро како мјаука и гребе по вратата на соседите за да ја пуштат да излезе.

**стан 3**
Тука живеам јас со мајка ми.
Мајка ми ми остава ќеса со ѓубре пред вратата за да ја фрлам надвор во контејнерот пред да влезам дома.

**стан 4**
Децата ја сметаат за намќор.
Им забранува да играат во влезот, повикувајќи се на одредба од "Одлуката за куќен ред".

**стан 5**
Нови соседи.
Се доселија од поголем стан, па сега немаат доволно место за сите нивни ствари.

**стан 6**
Извесно време веќе никој не живее тука.
Сепак поштенското сандаче редовно се преполнува со пошта, претежно сметки.

**стан 7**
ТОЈ Е АДВОКАТ.

**стан 8**
Ги чисти скалилата во зградата.
Како знак дека исчистила пред нечија врата го остава бришачот за нозе потпрен на ѕид.

**стан 9**
Сака градинарство.
Чува растенија во лименки од конзерви пред вратата.

**стан 10**
Опасен тип.
Велат дека со глава скршил неколку електрични прекинувачи во зградата.

**стан 11**
Тој е претседател на куќниот совет.
Загрижен е затоа што некој украл една од влезните врати.

**стан 12**
Стара е и бавна.
Не може да се искачи до нејзиниот стан пред светлото на скалите да се исклучи автоматски. За среќа гласот сѐ уште ја служи.

**стан 13**
Невработен е.
Се снаоѓа на разни начини. Еднаш се поврзал на заедничката струја и во подрум правел столарија.

**стан 14**
Тинејџер.
Крие од неговите дека пуши, а цигарите ги крие во хидрантот.

**стан 15**
Претходните станари беа истерани.
Празните станови можат да се препознаат по тоа што обично немаат бришач за нозе пред вратата.

**стан 16**
Неодамна имаа свадба во семејството.

**стан 17**
Фини луѓе.
Последен стан во зградата, иако има станови до број 20!? На најгорниот кат никогаш не недосасуваат светилки, а е и многу почисто од било кое друго место во зградата.

**стан 18**
Диво дете.
Ги преплашува сите кога се лизга по оградата на скалите од четвртиот кат до приземјето.

**стан 19**
Другар ми живее тука.
Не отвара, ако не знае кој ѕвони. Се плаши да не го "соберат" во војска.

**стан 20**
Се греат на дрва.
Често го сретнувам на скалите кога оди во подрум по дрва. Иако е прилично стар и живее на најгорниот кат, зиме оди во подрум и по три пати на ден.

© Оливер Мусовиќ
Музеј на град Скопје, Отворено графичко студио